СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Вторник, 11 јуни 1991
Скопје
Број 27 Год. XLVII

Аконтацијата за 1991 година изнесува 1.300 динари. Овој број чини 10 динари. Жиро сметка 40100-603-12498

399.

Врз основа на член 443 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 7 јуни 1991 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ LXXXII ДО LXXXV НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласуваат амандманите LXXXII до LXXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги усвои на седницата одржана на 7 јуни 1991 година

Бр 08-2441/1
7 јуни 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с р

АМАНДМАНИ

НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овие амандмани се составен дел на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и влегуваат во сила со денот на нивното прогласување.

АМАНДМАН LXXXII

1 Во називот на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и во неговите одредби се брише зборот „Социјалистичка“ пред зборовите: „Република Македонија“.

2. Во целиот текст на Уставот на Социјалистичка Република Македонија се употребува називот Република Македонија.

АМАНДМАН LXXXIII

1. Постоењето на вонредни околности на територијата на Република Македонија или на нејзин дел го утврдува Собранието на Република Македонија на предлог на претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија или најмалку 40 пратеници, ако оцени дека со вооружени или други активности непосредно е загрозен суверенитетот, територијалниот интегритет или уставното уредување на Република Македонија.

Одлуката со која се утврдува постоењето на вонредни околности се донесува со двотретинско мнозинство гласови на сите пратеници и има важност најмногу 30 дена.

Ако Собранието не може да се состане, одлука за утврдување на постоење на вонредни околности донесува претседателот на Република Македонија и на Собранието му ја поднесува на потврдување штом тоа ќе биде во можност да се состане.

2. Со овој амандман се дополнуваат амандманите LXXIV и LXXV на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН LXXXIV

1 Контрола на законитоста во располагањето со средствата на правните лица и исправноста на податоците за располагањето со тие средства, ревизија на јавните расходи и јавните претпријатија, обезбедувањето евиденција, финансиски податоци и информирање за работењето на правните лица, контрола на пресметката и наплатата на даноците и придонесите и другите давачки, вршењето на платниот промет во Републиката, како и други работи одредени со закон, ги вршат служби, односно органи чија положба, надлежност и организација се уредуваат со закон.

Вршењето на ревизијата на сметководствените искази на правните лица се уредуваат со закон.

2. Со овој амандман се заменува точка 1 на Амандманот LXV на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН LXXXV

За спроведување на амандманите LXXXII, LXXXIII и LXXXIV на Уставот на Република Македонија ќе се донесе уставен закон

Предлогот на уставниот закон е усвоен ако за него гласаат најмалку две третини од сите пратеници.

Уставниот закон го прогласува Собранието и влегува во сила со денот на прогласувањето на амандманите LXXXII, LXXXIII и LXXXIV на Уставот на Република Македонија.

400.

Врз основа на Амандман LXXXV на Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 7 јуни 1991 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ LXXXII ДО LXXXIV НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Уставниот закон за спроведување на амандманите LXXXII до LXXXIV на Уставот на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го усвои на седницата одржана на 7 јуни 1991 година.

Бр. 08-2440/1
7 јуни 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с. р.

УСТАВЕН ЗАКОН

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ LXXXII ДО LXXXIV НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Амандманите LXXXII до LXXXIV на Уставот на Република Македонија (амандмани) се применуваат од денот кога ќе ги прогласи Собранието на Република Македонија, ако за примената на одделни нивни одредби со овој уставен закон не е поинаку определено.

Член 2

Одредбите на Амандманот LXXXII во прописите и другите акти на државните органи на Република Македонија се применуваат од денот на прогласувањето на овој закон.

Сите органи и организации во Република Македонија се должни во своите акти, називи и документи да ги применат одредбите на Амандманот LXXXII, најдоцна до 31 декември 1992 година.

Член 3

Собранието на Република Македонија најдоцна до 31 декември 1991 година ќе донесе закон за уредување на положбата, надлежноста и организацијата на службите, односно на органите од став 1 на точка 1 и закон за вршење на ревизијата на сметководствените искази на правните лица од став 2 на точка 1 на Амандман LXXXIV на Уставот на Република Македонија

Член 4

Овој уставен закон влегува во сила кога истовремено со прогласувањето на амандманите ќе го прогласи Собранието на Република Македонија.

401.

Врз основа на член 10 од Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата на Република Македонија, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Деловникот за работа на Владата на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 15/91), во член 44, во точка 3 се бришат зборовите „сообраќајот и геодетските работи", а по точката 5 се додаваат две нови точки 6 и 7 кои гласат:

„Комисија за решавање на управни работи во втор степен од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и ветеринарството".

„Комисија за решавање на управни работи во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижностите".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 23-920/5
11 јуни 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с. р.

402.

Врз основа на Заклучоците за привремено уплатување и насочување на дел од основниот данок на промет на производи и услуги во прометот и наплатените царини и други увозни давачки донесени од трите собори на Собранието на СР Македонија на одделни седници одржани на 13 и 14 декември 1990 година и член 1 од Законот за мерките кои може да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето во стопанството во СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 46/90), Владата на Социјалистичка Република Македонија донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИВРЕМЕНО УПЛАТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ И НАПЛАТЕНИТЕ ЦАРИНИ, ДРУГИ УВОЗНИ ДАВАЧКИ И ЛЕЖАРИНА

1. Во Одлуката за привремено уплатување и насочување на дел од основниот данок на промет и наплатените царини, други увозни давачки и лежарина („Службен весник на СРМ" бр 42/90, 45/90, 2/91, 14/91 и 18/91), во називот и во точка 1 зборовите: „и наплатените царини, други увозни давачки и лежарина" се бришат.

2. Во точка 2 ставовите 2, 3 и 4 се бришат.

3. Во точка 3 ставот 3 се брише.

4. Во точка 6-а зборовите: „царини, други увозни давачки и лежарина" се бришат, а зборовите „став 1 и 2" се заменуваат со зборовите „став 1".

5. Точка 9-в се брише.

6. Во точка 11 по зборот: „применува" се додаваат зборовите: „точка 2 од".

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1314/1
11 јуни 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с. р.

403.

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ЕДИНСТВЕН НАДОМЕСТ ЗА ПАТИШТАТА И УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ТОЈ НАДОМЕСТ И НЕГОВАТА СПРОТИВНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНАТА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

1. Сојузниот извршен совет покрена пред Уставниот суд на Југославија постапка за оценување на спротивноста на Договорот за единствен надомест за патиштата и условите и начинот на користење на тој надомест со Законот за одаточување на производите и услугите во промет („Службен лист на СФРЈ", број 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82, 15/83, 66/83, 71/84, 39/85, 11/86. 21/87, 10/88, 27/88, 31/88, 41/89, 46/89, 60/89 и 13/90).

2. Договорот за единствен надомест за патишта и за условите и начинот на користење на тој надомест го склучија собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини. Со тој договор тие се согласија дека во рамките на своите права и должности, заради обезбедување на средствата за одржување, реконструкција и изградба на патиштата ,на единствен начин ќе пропишат надомест за патиштата што се пресметува и наплатува со цената на нафтените деривати, начинот на наплата на тој надомест и условите и начинот на користење на средствата остварени од тој надомест.

Со договорот е предвидено надомест за патиштата да се наплатува како надомест за употреба на пат, овој надомест да се пресметува и наплатува со цената на моторниот бензин и на дизел горивото во промет; утврдена е основицата на која се пресметува тој надомест и условите под кои се наплатува.

3. Бидејќи со наведениот договор, надоместот за патиштата е утврден како елемент на цената на нафтените деривати, Уставниот суд на Југославија ја оценуваше согласноста на тие одредби со Уставот на СФРЈ и нивната спротивност со Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 84/89).

4. Со одредбата на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на СФРЈ е утврдено дека федерацијата, преку сојузните органи, го уредува системот на општествена контрола на цените и обезбедува непосредна контрола на цените на стоките и услугите од интерес за целата земја.

Со одредбите на Амандман XXIX на Уставот на СФРЈ е утврдено дека републиките и автономните покраини во остварувањето на непосредна соработка, во рамките на своите права и должности, утврдени со уставот, можат со договори да утврдуваат заеднички основи за уредување на односите во одделни области, дека договорот ги обврзува учесниците кои го склучиле и дека со договорот се утврдува начинот на спроведување на преземените обврски и одговорности на учесниците за извршување на тие обврски.

Со одредбите на член 6, 12 и 13 од Законот за системот на општествена контрола на цените е пропишано дека органите на општествено-политичката заедница во вршењето на општествената контрола на цените, во случаите утврдени со тој закон, по исклучок, можат да пропишат мерки за непосредна контрола на цените, и тоа: највисоки цени, односно највисоко ниво на цените, враќање на цените на одредено ниво и начин на формирање на цените.

Со одредбата на член 14 став 1 од наведениот закон е пропишано дека мерките за непосредна контрола на цените за производите и услугите од интерес за целата земја ги пропишува Сојузниот извршен совет, а со одредбата на член 15 е пропишано дека под производи од интерес за целата земја се подразбираат сите производи освен производите во областа на занаетчиството и личните услуги, станбено-комуналните дејности и уредувањето на населбите и просторот, образованието, науката, културата и информациите.

Уставниот суд на Југославија, оцени дека, во согласност со Уставот на СФРЈ, непосредна контрола на цените на нафтените деривати, како стоки од интерес за целата земја, може да обезбедува само федерацијата преку сојузните органи, под условите утврдени со сојузниот закон за системот на општествената контрола на цените.

Во вршењето општествена контрола на цените на нафтените деривати, според наведените одредби на Законот за системот на општествената контрола на цените, мерките за непосредна контрола на цените на тие производи — начинот на формирање на цените, односно елементите што ја чинат цената, и највисоките цени ги пропишува Сојузниот извршен совет, единствено за целата територија на СФРЈ. Сојузниот извршен совет донесе Одлука за одредување на највисоките цени на нафтата и нафтените деривати („Службен лист на СФРЈ" бр. 85/90) и Одлука за начинот на формирање на цените на нафтените деривати во промет („Службен лист на СФРЈ", број 85/90).

Имајќи го тоа предвид и дека според наведената одредба на Уставот на СФРЈ републиките можат со договор да ги уредуваат само оние односи кои се во рамките на нивните права и должности, Уставниот суд на Југославија оцени дека оспорениот договор, со кој републиките и автономните покраини утврдија надомест за патиштата во цената на бензинот и дизел-горивото, а со тоа и малопродажна цена на тие производи, не е согласен со Уставот на СФРЈ и во спротивност е со Законот за системот на општествената контрола на цените.

6. Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ и член 36 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 14 март 1991 година, донесе

О Д Л У К А

1. Се укинува Договорот за единствен надомест за патиштата и за условите и начинот на користење на тој надомест („Службен лист на СР Босна и Херцеговина", број 25/89)

Оваа одлука да се објави во „Службен лист на СФРЈ" и во републичките службени гласила.

Оваа одлука ја донесе Уставниот суд на Југославија во состав: претседателот на Судот Милован Бузаџиќ и членови на Судот: Хрвое Бачиќ, Божидар Булатовиќ, м-р Крсте Чаловски, д-р Омер Ибрахимагиќ, д-р Бранислав Ивановиќ, Пјетер Коља, Димче Козаров, д-р Иван Кристан, Вељко Марковиќ, Радко Мочивник и Душан Ружиќ.

II. У. бр. 92/90
14 март 1991 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
Милован Бузаџиќ, с. р.

404.

О Д Л У К А

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ЧЛЕН 95 ТОЧКА 1 И ЧЛЕН 99 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПАТИШТАТА И НИВНАТА СПРОТИВНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНАТА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

1. Сојузниот извршен совет покрена пред Уставниот суд на Југославија постапка за оценување на спротивноста на одредбите на член 95 точка 1 и член 99 став 1 од Законот за патиштата („Службен весник на СР Македонија", бр. 15/80, 26/80, 18/82, 13/86, 28/88, 27/89 и 10/90), со Законот за одаточување на производите и услугите во промет („Службен лист на СФРЈ" бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75 58/75, 7/88, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82, 15/83, 66/83, 71/84, 39/85, 11/86, 21/87, 10/88, 27/88, 31/88, 41/89, 46/89, 60/89 и 13/90).

2. Со одредбата на член 95 точка 1 од Законот за патиштата е пропишан надомест за патиштата, што се пресметува и наплатува со цената на нафтените деривати, а со одредбата на член 99 став 1 од тој закон е пропишано височината на тој надомест да ја утврдува Извршниот совет на СР Македонија.

3. Бидејќи со наведените одредби на републичкиот закон надоместот за патиштата е утврден како елемент на цената на нафтените деривати, Уставниот суд на Југославија ја оценуваше согласноста на тие одредби со Уставот на СФРЈ и нивната спротивност со Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 84/89).

4. Со одредбата на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на СФРЈ е утврдено дека федерацијата, преку сојузните органи, го уредува системот на општествена контрола на цените и обезбедува непосредна контрола на цените на стоки и услуги од интерес за целата земја.

Со одредбите на член 6, 12 и 13 од Законот за системот на општествената контрола на цените е пропишано дека органите на општествено-политичката заедница во вршењето општествена контрола на цените во случаите утврдени со тој закон, по исклучок, можат да пропишат мерки за непосредна контрола на цените, и тоа: највисоки цени, односно нај-

високо ниво на цените, враќање на цените на одредено ниво и начинот на формирање на цените.

Со одредбата на член 14 став 1 од наведениот закон е пропишано мерките за непосредна контрола на цените за производите и услугите од интерес за целата земја да ги пропишува Сојузниот извршен совет, а со одредбата на член 15 е пропишано дека под производи од интерес за целата земја се подразбираат сите производи освен производите во областа на занаетчиството и личните услуги, станбено-комуналните дејности и уредувањето на населбите и просторите, образованието, науката, културата и информациите

Уставниот суд на Југославија оцени дека, во согласност со Уставот на СФРЈ, непосредна контрола на цените на нафтените деривати, како стоки од интерес за целата земја, може да обезбедува само федерацијата преку сојузните органи, под условите утврдени со сојузниот закон за системот на општествена контрола на цените

Во вршењето општествена контрола на цените на нафтените деривати според наведените одредби на Законот за системот на општествена контрола на цените, мерките за непосредна контрола на цените на тие производи — начинот на формирање на цените, односно елементите што ја чинат цената и највисоките цени, ги пропишува Сојузниот извршен совет, единствено за целата територија на СФРЈ Сојузниот извршен совет донесе Одлука за одредување на највисоките цени на нафтата и нафтените деривати („Службен лист на СФРЈ" бр 85/90) и Одлука за начинот на формирање на цените на нафтените деривати во промет („Службен лист на СФРЈ", број 85/90).

Уставниот суд на Југославија поради тоа смета дека надоместот за патиштата како дел од малопродажната цена на нафтените деривати не може да го утврдува врз основа на сопствените критериуми, републиката и дека одредбата на член 95 точка 1 со која е пропишан тој надомест и одредбата на член 99 од оспорениот закон, со која е пропишано неговата височина да ја утврдува Извршниот совет на СР Македонија, се несогласни со Уставот на СФРЈ и во спротивност се со Законот за системот на општествената контрола на цените

5 Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ и член 36 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 14 март 1991 година, донесе

О Д Л У К А

1. Се утврдува дека одредбата на член 95 точка 1 и одредбата на член 99 став 1 од Законот за патиштата („Службен весник на СР Македонија", бр. 15/80, 26/80, 18/82, 13/86, 28/88, 27/89 и 10/90), не се согласни со Уставот на СФРЈ и во спротивност се со Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 84/89).

Одлуката да се објави во „Службен лист на СФРЈ" и во „Службен весник на СР Македонија"

Оваа одлука ја донесе Уставниот суд на Југославија во состав: претседател на Судот Милован Бузаџиќ и членови на Судот: Хрвое Бачиќ, Божидар Булатовиќ, м-р Крсте Чаловски, д-р Омер Ибрахимагиќ, Пјетер Коља, Димче Козаров, д-р Иван Кристан, Вељко Марковиќ, Радко Мочивник и Душан Ружиќ.

I У. бр. 113/1-90
14 март 1991 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
Милован Бузаџиќ, с. р.

405.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 15 мај 1991 година, донесе

О Д Л У К А

1 СЕ ОДБИВА предлогот за оценување законитоста на член 77 од Правилникот за заеднички основи и мерила за решавање на станбените потреби на работниците на ЖТО — Скопје, донесен со референдум одржан во времето од 25 октомври до 5 ноември 1988 година и на 20 декември 1988 година

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената организација на начин предвиден за објавување на општите акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 77 од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што подстанарскиот статус на работникот како основ за распределба на станови се вреднува од втората година, што не било во согласност со Уставот и било во спротивност со закон.

4. На седницата Судот утврди дека во член 77 од Правилникот потстанарски статус на работникот се вреднува по навршување на две години поминати во тој статус.

5 Според член 42 и 42-а од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ" бр 36/73, 14/75, 27/86, 1/90 и 11/91), давателот на станот на користење, со општиот акт ги утврдува условите и начинот на давање станови на користење, односно основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање стан во општествена сопственост.

Од изнесените законски одредби произлегува дека со општ акт организацијата ги утврдува основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање стан, а во тие рамки да го предвиди и вреднува времето поминато во определен станбен статус, поради што Судот утврди дека оспорениот член не е во спротивност со означените законски одредби, и одлучи како во точката 1 од оваа одлука

У. бр. 50/91
15 мај 1991 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов**, с р.

СОДРЖИНА

399. Одлука за прогласување на амандманите LXXXII до LXXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — — 357
400. Одлука за прогласување на Уставниот закон за спроведување на амандманите LXXXII до LXXXIV на Уставот на Република Македонија — — — — — — 357
401. Одлука за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија — — — — — — 358
402. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за привремено уплатување и насочување на дел од основниот данок на промет на производи и услуги во прометот и наплатените царини, други увозни давачки и лежарина — — — — — 358
403. Одлука на Уставниот суд на Југославија, У. бр. 92/90 од 14 март 1991 година — 358
404. Одлука на Уставниот суд на Југославија, I У. бр. 113/1-90 од 14 март 1991 година 359
405. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 50/91 од 15 мај 1991 година — — 360

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах. 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев" — Скопје